| | |
|---|---|
| **Податоци за органот кој го изработува планскиот документ** | |
| Назив на планскиот документ | Детален урбанистички план на дел од Пехчево, за стопански комплекс со основна класа на намена Г – производство, дистрибуција и сервиси, односно класа на намена Г2 – лесна индустрија, Г3 – сервиси и Г4 – стоваришта, (на КП 2147/1, КП 2147/2, КП2147/3 и КП 2149) во м.в. Грозил, КО Пехчево, Општина Пехчево. |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Општина Пехчево |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Општина Пехчево |
| **Податоци за изработувачот на планскиот документ** | |
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Даниела Чочовскамаг.инж.арх. |
| Назив на работното место | Советник за урбанизам |
| Контакт податоци за лицето | 033 / 441 – 321 mail: opstina_pehcevo@t-home.mk |

| Основни податоци за планскиот документ |
| --- |
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ?** |
| Закон за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14),<br>Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14, 125/14, 148/14 и 65/15), Правилник за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистички палнови (Службен весник на РМ бр. 78/06 и 37/14), Програма за изработка на урбанистички планови за2015 година.<br>Како основ за изработка на планскиот документ послужија одредбите од донесениот ГУП на град Пехчево и Детален урбанистички план на Пехчево |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** |
| ДА☒<br>НЕ ☐ |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документи наведете го називот на стариот планскиот документ и причините за негово изменување?** |
| Детален урбанистички план на Пехчево |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** |
| ДА - индустрија |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е опреелен наведета ја точката и алинејата под која е определен.** |
| ДА член 3 точка 5 алинеја 4 |
| **Дали со планскиот документ се планира релизирање на проект што е предвиден со Уредбата за определеување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата од спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** |
| НЕ |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** |
| ДА – Површината на планскиот опфат кој е предмет на Деталниот урбанистички план изнесува 1,77ха.Со новите начини на стопанисување со градежното земјиште, во трајна сопственост на сопствениците на градежното земјиште произлегува и потребата за изработка на ДУП за овој локалитет. |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** |
| Целта за донесување на планскиот документ е дефинирање на градежни парцели со параметри за планирање на просторот врз основа на кои ќе се издава одобрение за градба. |
| **Предмет на планскиот документ.(пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Планирање на просторот |
| **Период за донесување на планскиот документ.** |
| 5 години |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| По истекот на планскиот документ. |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ.(пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)** |
| Просторот кој е предмет на планирање опфаќа дел од урбаниот простор дефиниран со ГУП за Пехчево, дел од урбана единица 01 во м.в. “Грозил”, К.О. Пехчево, во југо-западниот дел од градот и е во зоната на класа на намена на површини (Г) производство, дистрибуција и сервиси, а оддалечен околу 700м од централното градско јадро на градот. |



**Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирање на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.**

НЕ

**Дали е приложена копија од целите?**

НЕ

## Резиме за влијание врз животната средина

**Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.** Влиајние врз подземните и површинските води, влијание врз почвата, влијание врз пределот, влијание врз биодиверзитетот, влијание во однос на генерирање на отпадот и влијание врз амбиентот на воздухот.

| | |
|---|---|
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата** | Влиајнијата врз животната средина ќе бидат долгорочни бидејќи ќе настанат перманентни измени во визуелниот поглед на пределот кој е предмет на планскиот документ со изградба на објекти. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и здравјето на луѓето** | Кумулативното влијаниесе очекува да се зголеми кај отпадот, водите, почвата поради активностите кои се извршуваат на предвидениот опфат. Врз здравјето на луѓето нема да има позначајни ефекти кои произлегуваат од реализацијата на планскиот документ. |
| **Прекугранична природа на влијанијата** | нема |
| **Ризици по здравјето на луѓето и животната средина (пр.како резултат на несреќи)** | Се очекуваат незначителни влијанија во фазата на градба на објектите врз здравјето на луѓето.(бучава, вибрации, емисии во воздухот од возила и прашина) |
| **Опсег и просторниот обем на влиајнијата (географска област и големина на популацијата која ќе биде засегната)** | Површината на планскиот опфат изнесува 1,77 ха. Големината на популацијата која ќе биде засегната се жителите на град Пехчево која изнесува околу 3 000 жители. |

**Потенцијални економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:**

Развој на индустријата и зголемување на вработеноста во општината.

**Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:**

Донесувањето на планскиот документ ќе овозможи реализација на приватизацијата на градежното земјиште со што ќе се овозможат услови за добивање на одобренија за градба за проширување на производствените капацитети на фирмата сопственик на објектите.

| | |
|---|---|
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | На предметниот опфат не постојат природни реткости и културно наследство |
| **Надминување на стандардите за квалитет на животната средина или гранични вредности** | Постои можност да се наруши квалитетот на површинските и подземните води поради неправилното управување со отпадот и отпадните води од објектите во плансиот опфат. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Интезивна употреба на земјиштето од опфатот ќе има бидејќи се работи за градби со намена на површини (Г) производство, дистрибуција и сервиси,Г2 – лесна индустрија, Г3 – сервиси и Г4 – стоваришта |
| **Влијанијата врз областите или пејсажитекои имаат признат статус на национални или меѓународни зштитени подрачја** | Планскиот опфат не зафаќа од заштитени подрачја. |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности во областа на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:** Согласно законската регулатива за одредени објекти кои ќе бидат градени согласно намената предвидена со планот ќе биде потребно да се изработат Елаборати за заштита на животната средина.

**Објаснете ја околината на проектот, односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина:** Опфатот кој е предмет на урбанизација се наоѓа во индустриската зона на градот и преставува во функција на лесна индустрија – производен погон и стоваришта – магацин и изграден помошен објект, кој е во функција на технолошкиот процес на производство

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на одржливиот развој:** Реализацијата на планскиот документ ќе има незначителни влијаниа врз животна средина. Одржливиот развој ќе се промовира преку изградбата на нови објекти кои ќе го дозаокружат и прошират технолошкиот процес за производство на мебел и делови за мебел.. Економските ефекти ќе се манифестираат преку ангажман на невработените лица и намалување на сиромаштијата во општина Пехчево.

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност:** Еден од најзначајните еколошки проблеми кои можат да се јават со релизацијата на планот е загадувањето на површинските и подземните води од неправилното управување со отпадот и отпадните води.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг плански документ во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на планскиот документ и наведете ги клучните влијанија на планските документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле и ќе бидатпредмет на оцена:**Планскиот документкој е предмет на разгледување е изработен врз основа на планските одредби од ГУП-от за град Пехчево донесен со одлука бр.0701-85/1 од 08.12.1999 година и ДУП на Пехчево донесен со одлука бр. 08-800/1 од 26.03.1986 година.

**Доколку потенцијалните влијаниа на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други палнски документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие зклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведенат оценка е направена согласно најновите сознанија за влијание врз животната средина со цел да може истат да се користи во процесот на усвојување на планскиот документ:** Нема спроведено претходна оцена.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на повисоко ниво, наведете како ќе обезбедите**

| | |
|---|---|
| **влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носење на одлука во подоцнежна фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка за оцена на влијанието врз животната средина).** Бидејќи планскиот документ е изработен врз основа на веќе важечеки Генерален урбанистички план и Детален урбанистички план потребно е при негова реализација да се обрне внимание на заштитата на животната средина од аспект на инфраструктурна уреденост, одведување на отпадни води, управување со отпад, како и управување со емисии испуштени во воздух. | |
| **ИЗЈАВА** | **Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Градоначални,<br>Игор Поповски |
| Бр. 11-24411<br>17.02.2016 година | МП<br>РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПЕХЧЕВО ОПШТИНА ПЕХЧЕВО |